Врз основа на член 8 од Законот за студентскиот стандард („Службен весник на Република Македонија" број 15/13, 120/13, 41/14, 146/15, 30/16, 178/16, 64/18, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.124/19) и член 40 став 3 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 265/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 30 март 2020 година донесе

# ПРОГРАМА

# ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА ДЕЈНОСТА ВО СТУДЕНТСКИОТ СТАНДАРД ЗА 2020 ГОДИНА

1. Во Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 277/19), во делот 1. по ставот 6 се додава нов став 7, кој гласи:

„По исклучок од став 6 на дел 1., за време на траењето на вонредната состојба месечната цена за сместување и исхрана, која што ја плаќа Министерството за образование и наука, за еден студент е 3.410 денари, според бројот на студенти сместени во студентскиот дом заклучно со месец март 2020 година, и тоа за сите категории на студенти, а ќе се исплаќа за 12 месеци."

Ставовите 7, 8, 9, 10, 11, 12 и 13 стануваат ставови 8, 9, 10, 11, 12, 13 и 14.

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр.44-2653/1
30 март 2020 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА
ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА
МАКЕДОНИЈА

Оливер Спасовски